Врз основа на членовите 384, 387 и 388, 388-а од Законот за трговски друштва, како и членовите 64 и 66 од Статутот на друштвото, Управниот одбор на СКОПСКИ ПАЗАР АД Скопје објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## за учество на седница на годишно собрание на акционери на Скопски пазар АД Скопје

Седницата на годишното собрание на акционери на Скопски пазар АД Скопје ќе се одржи на ден 31.5.2022 година (вторник) со почеток во 09:00 часот во седиштето на друштвото, на ул. Ѓорче Петров бр. 7 во Скопје.

За работата на седницата на собранието се предлага следниот :

### ДНЕВЕН РЕД

**Процедурален дел:**

1. Отворање на собранието;
2. Избор на работни тела (претседавач, бројач на гласови, записничар-нотар).

**Работен дел:**

1. Разгледување и усвојување на годишната сметка за 2021 година, со предлог одлука;
2. Разгледување и усвојување на ревидираните финансиски извештаи за 2021 година, со предлог одлука;
3. Разгледување и усвојување на годишниот извештај за работењето на Скопски Пазар АД Скопје за 2021 година, со предлог одлука;
4. Одлучување за распределба на добивката остварена по годишната сметка за 2021 година, со предлог одлука;
5. Разгледување на извештајот за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за 2021 година;
6. Разгледување на годишниот извештај за 2021 година на службата за внатрешна ревизија;
7. Одобрување на работата на членовите на Управниот одбор за 2021 година, со предлог одлуки;
8. Одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор за 2021 година, со предлог одлуки;
9. Назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за 2022 година, со предлог одлука.

Се повикуваат акционерите кои сакаат да гласаат по точките од дневниот ред и предлог одлуките по пат на писмена кореспонденција, истото да го сторат преку пополнување на Образец за гласање со кореспонденција објавен на веб страницата на Друштвото www.skopskipazar.com.mk. Акционерите уредно пополнетиот Образец за гласање треба да го достават во писмена форма во оригинал со пополнето име и презиме и потпис на акционерот-физичко лице, односно со пополнет назив, седиште, печат и име, презиме и потпис на законскиот застапник на акционерот-правно лице. Заради идентификација заедно со пополнетиот образец секој акционер-физичко лице треба да достави копија од документ за лична идентификација (лична карта/пасош), додека секој акционер-правно лице треба да достави копија од тековна состојба и копија од документ за идентификација на законскиот застапник (лична карта/пасош). Образецот заедно со прилозите мора да биде примен со назнака „За годишно собрание на акционери" во седиштето на Скопски Пазар АД Скопје, адреса Ѓорче Петров бр. 7 во Скопје најдоцна до 30.5.2022 година во 16:00 часот.

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред, согласно Статутот на друштвото и ЗТД.

Секој акционер може да овласти и друго лице како свој полномошник со писмено полномошно да гласа во негово име за што е должен веднаш да го извести Друштвото по писмен или електронски пат, во спротивно ќе се смета дека не го дал полномошното. Податоци за начинот на испраќање на известувањата за полномошната и обрасците за полномошно се достапни на интернет страницата на Друштвото www.skopskipazar.com.mk.

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, имаат право да достават предлог за дополнување на дневниот ред и да предложат одлуки по точките на дневен ред најдоцна во рок од 8 дена од објавувањето на јавниот повик за одржување на седница на Собранието на акционери.

Секој акционер има право да поставува прашања по точките од дневниот ред на седницата или со доставување на прашањето во писмена форма во седиштето на друштвото ул. Ѓорче Петров бр. 7 во Скопје најдоцна до 30.5.2022 година во 16:00 часот со назнака „За Собранието на акционери".Притоа акционерот е должен да се идентификува, и тоа :

**1. За акционер-физичко лице:**

- пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционерот;
- копија од документ за идентификација (лична карта/пасош)

**2. За акционер-правно лице**

- целосен назив, седиште, печат на акционерот;
- целосно име и презиме и потпис на законскиот застапник на акционерот;
- копија од документ за идентификација (лична карта/пасош) на законскиот застапник на правното лице акционер и копија од тековната состојба за правното лице акционер.

Прашањето треба да биде поставено на конкретен начин од кој со сигурност ќе може да се утврди на која точка од дневниот ред се однесува.Друштвото може да даде збирен одговор на прашањата со иста содржина.Одговорите на поставените прашања Друштвото може да му ги даде директно на акционерот и задолжително ги објавува на својата интернет-страница во форма на прашање и одговор.

Материјалите за собранието на акционери како и дополнителни информации согласно ЗТД им се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик на интернет страницата на Друштвото www.skopskipazar.com.mk.

**УПРАВЕН ОДБОР**
**Претседател**
**Младен Дамев**